**Соопштение за заверка на зимскиот семестар и упис на летен семестар во учебната 2024/2025 година за студентите на ВТОР циклус студии**

Се известуваат студентите на ВТОР циклус студии, на Природно-математичкиот факултет во Скопје, дека рокот за заверување на зимскиот семестар и запишување на летен семестар во уч.2024/2025 година ќе се одвива од **05.02.025 до 18.02.2025 година.**

**Уписот ќе се одвива во Одделението за студентски прашања на Шалтер 4 - приземје (нова зграда) од 11:30-13:30 часот.**

Одговорно лице за студентите од ВТОР циклус студии, Ивана Мицевска – Ристовска, соработник за магистерски и докторски студии, ivanam.ristovska@pmf.ukim.mk и

Раководител на одделението за студентски прашања, Кети Костадиновска, keti@pmf.ukim.mk

**I Студентите запишани во I семестар во првиот уписен рок во учебната 2024/2024 година,** треба да ги приложат следниве документи:

- индекс,

- образец за заверување на зимскиот семестар (I) (A4),

- образец за запишување на летниот (II) семестар (A3),

Обрасците може да ги подигнете и пополните при уписот од Шалтер 4, бидејќи истите се повлечени од продажба.

- уплатница/потврда во износ на школарината за упис на семестар согласно Конкурсот и договорот и студиска програма на која е запишан, уплатена на образец ПП50 или уплатена по електронски пат (да се приложи испечатен налог), на жиро-сметката на факултетот:

| | |
|---|---|
| - назив и седиште на примач | ПМФ – Скопје |
| - банка на примач | НБРСМ |
| - трансакциска сметка | 100000000063095 |
| - сметка на буџетски корисник на ПМФ | 1600110804 788 19 |
| - приходна шифра програма начин | 723012 - 41 – 2 |

- цел на дознака (надоместок за упис на летен (втор) семестар на ВТОР циклус студии, Институт за _______ во уч.2024/2025 г.)

**II Студентите запишани по прв пат во учебната 2023/24 г. и учебната 2022/23 г.** треба да приложат:

- индекс,

- образец за запишување на летен семестар-повторно (A3) и

Доколку студентот, презапишал предмет/и во зимскиот семестар, треба да приложи и образец за заверување на зимскиот семестар (A4).

Обрасците може да ги подигнете и пополните при уписот од Шалтер 4, бидејќи истите се повлечени од продажба.

**II. 1.** Доколку студентот нема предмети за презапишување, уплаќа надоместок во износ од 1.000,00 денари за:

Административно запишување семестар:
– без предмети,
– без предмети, но со пријавена магистерска работа

**II. 2.** Ако студентот треба да презапише предмети, го уплаќа износот на 1 кредит помножен со бројот на кредити од предметот/предметите кои ги презапишува, во зависност на која студиска програма е запишан согласно следната табела:

| **Студиска програма** | цена на еден ЕКТС кредит (во ЕУР)[1] |
|---|---|
| **Биологија** | |
| Едукација во наставата по биологија | 25 |
| Екологија и биосистематика<br>-модул екологија<br>-модул биосистематика | 25 |
| Биохемија и Физиологија | 25 |
| Молекуларна биологија и генетика<br>-модул молекуларна биологија<br>-модул генетика | 25 |
| Биологија-микробиологија | 25 |
| Форензичка биологија | 25 |
| **Географија** | |
| картографија и географски информациски системи | 16.7 |
| Географија | 16.7 |
| Демографија | 16.7 |
| туризам (едногодишни) | 16.7 |
| туризам (двегодишни) | 14.2 |
| просторно планирање | 16.7 |
| **Географија,** за студентите запишани на следниве студиски програми, почнувајќи од **учебната 2023/2024 година** | |
| картографија и географски информациски системи | 23.33 |

1 Надоместокот се плаќа во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на плаќањето

| | |
|---|---|
| Географија | 23.33 |
| Демографија | 23.33 |
| туризам (едногодишни) | 23.33 |
| туризам (двегодишни) | 23.33 |
| просторно планирање | 23.33 |
| **Етнологија и антропологија** | |
| - етнологија и антропологија | 16.7 |
| **Математика** | |
| -математички науки и примени | 16.7 |
| - математичко образование во основно и средно училиште | 16.7 |
| -применета математика -математичко моделирање и Оптимизација | 16.7 |
| -применета математика -математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија | 16.7 |
| **Физика** | |
| Применета физика | 16.7 |
| Теориска физика | 16.7 |
| Геофизика | 16.7 |
| Астрономија и астрофизика | 16.7 |
| Сончева енергија | 16.7 |
| Методика на наставата по физика | 16.7 |
| Медицинска физика | 16.7 |
| **Хемија** | |
| - наставна хемија | 16.7 |
| - применета хемија | 16.7 |
| - аналитичка биохемија | 16.7 |

Уплатница/потврда уплатена на образец ПП50 или уплатена по електронски пат (да се приложи испечатен налог), на жиро-сметката на факултетот:

- назив и седиште на примач ПМФ – Скопје
- банка на примач НБРСМ
- трансакциска сметка 100000000063095
- сметка на буџетски корисник на ПМФ 1600110804 788 19
- приходна шифра програма начин 723012 - 41 – 2

- износ X

**II. 1** цел на дознака: надомест за административно запишување на семестар на ВТОР циклус Институт за _______ во учебната 2024/2025 година (1.000 денари)

**II. 2** цел на дознака: надомест за презапишување на предмети на ВТОР циклус Институт за _______ во учебната 2024/2025 година (X денари)

**III Студентите запишани по прв пат во учебната 2021/2022 и претходно** може да ги продолжат студиите со поднесување на барање за продолжување на студиите до Раководителот на Наставно-научниот колегиум на втор циклус на студии, согласно:

1. Одлуката за утврдување на рок за завршување на студиите на втор циклус бр.02-4029/2 од 28.11.2022 г. донесена од Наставно-научниот совет на Факултетот

28.01.2025 г. Од деканатот,

---

Бр.02-4029/2 од 28.11.2022 г.

Врз основа на член 68, став 1, точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 464/2019 и 464/2021-анекс), а согласно член 28 став 1 точка 5 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), постапувајќи по предлогот на Деканатската управа бр. 02-4029/1 од 22.11.2022г., Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на ден 24.11.2022г., ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

*за утврдување на рок за завршување на студиите на втор циклус*

1. Студентите запишани на втор циклус на студии имаат право да ги завршат започнатите студии според условите и студиската програма на која се запишале, најдолго во времето што е двапати подолго од пропишаното време на траење на студиите продолжено за 1 година, односно најмногу 3 (три) години (шест семестри) од почетокот на учебната година кога е извршен уписот на Факултетот за едногодишните студии, односно 5 (пет) години (десет семестри) за двегодишните студии.
2. Рокот утврден во член 1 на оваа Одлука, престанува да тече во моментот кога студентот ќе пријави тема за изработка на магистерскиот труд.
3. По истекот на рокот студентот може да ги продолжи студиите со поднесување на барање за продолжување на студиите до Раководителот на Наставно-научниот колегиум на втор циклус на студии. Доколку во меѓувреме настане измена на студиската програма, студентот ги продолжува студиите по изменетата студиска програма.
4. Доколку по истекот на рокот за завршување на студиите не настане измена на студиската програма, студентот продолжува да студира по студиската програма по која се запишал, но најмногу до акредитација на нова студиска програма.
5. Преминувањето од претходната, на студиска програма која се применува, се врши врз основа на еквиваленција на положени предмети и освоени кредити.

6. Деканатската управа да ги утврди надоместоците за преминување од една на друга студиска програма, повторно запишување на предмети и признавање на предмети.

7. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

Д Е К А Н,
Проф. д-р Александар Скепаровски

---